Институт
за
европска
политика.
Скопје

# Сакам дома да живеам

[ Влијанието на студентското здружување
кон личниот и политичкиот развој на младите
кои биле дел од Студентскиот пленум ]

# „Сакам дома да живеам“

-Влијанието на студентското здружување кон личниот и политичкиот развој на младите кои биле дел од Студентскиот пленум

Издавач:

**Институт за европска политика Скопје**

Автор:

**Калиа Димитрова**

Ментор:

**Д-р Ардита Абази Имери**

Дизајн:

**Релатив**

# Содржина

Вовед....3

Теоретска рамка....5

Социјални движења....5

Студентско здружување....7

Методологија....9

Методи користени за прибирање на податоци....9

Резултати и анализа....11

Општествен контекст....11

1. Појава....14

2. Соединување....17

3. Бирократизација....18

4. Пад....19

Влијание на Студентскиот Пленум....25

Општествено/политичко влијание....25

Лично/интимно влијание....28

Заклучок....32

Библиографија....35

Анекс 1....38

Анекс 2....40

„Последниот студент нека го изгаси светлото на аеродром“ беше еден од многу транспаренти кои можеа да се видат на улиците на Скопје и други градови во Македонија за време на студентските, средношколските и граѓанските протести во 2014, 2015 и 2016 година. Иако младите во Македонија традиционално беа оценувани како апатични и недоволно општествено ангажирани[1] Лешоска, Малеска, Коруновска, Коруновска, Здравев, Димчевски, Малески, 2016), поинаква тенденција можеше да се забележи во во Македонија во последните три години, следејќи го процесот на студентското, или поточно срочено, младинското будење, предводено од Студентскиот, а консеквентно и Средношколскиот пленум кои пркосеа на верувањето дека младите во Македонија се пасивни. Од друга страна, младинската ангажираност изразена преку овие движења зборува за незадоволството кое постои кај значителен дел од младите; првенствено од образовниот систем, но не единствено. Пленумите иако се концентрираа главно со проблемите на образовниот систем, во нивниот фокус е и животниот стандард на студентите, владините младински политики (или непостоењето на истите) и економскиот просперитет за младиот човек во Македонија.[2]

Незадоволството кај младите во Македонија меѓудругото води кон масовна имиграција на младите, особено образованите кадри. Едно од малкуте темелни истражувања изработени на оваа тема сведочи дека повеќе од половина млади би сакале да ја напуштат Македонија (Топузовска-Латковиќ, Борота-Поповска, Серафимовска и Цекиќ, 2013). Факторите кои се набројани во гореспоменатиот труд варираат од економската до политичка нестабилност во земјата, партиско вработување и немањето професионална перспектива. Во однос на истото истражување, Дона Костуранова[3] коментира дека јавниот дискурс не треба да биде исклучиво фокусиран кон одливот на младите кадри, туку особено на иселувањето на ангажирани млади луѓе „кои не се дел од автоцензурата која што постои во Македонија“.[4] Во таа смисла, недоволно истражена перспектива на проблемите со кои се соочуваат младите во Македонија, е онаа која се фокусира на младината која активно се залага за подобрување на условите на младиот човек во земјата.

1 „Не остана млад човек што сака да остане во Македонија“ 01.03.2016 http://www.slobodnaevropa.mk/a/27583146.html

2 „Студентите ја враќаат надежта во Македонија“ 06.01.2015 http://www.slobodnaevropa.mk/a/26778375.html http://daily.mk/makedonija/studentski-plenum-protestot-pochetok-nadezhta-makedonskite-3

3 претседателка на Младинскиот образовен форум

4 „Одливот на мозоци загрижувачки, младите се` помалку мислат на иднина во Македонија“ 30.11.2015 Deutsche Welle. http://m.dw.com/mk/%D0%BE%D0%B4%D0%BB%D0%B8%D0%B2%D0%BE%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D0%BC%D0%BE%D0%B7%D0%BE%D1%86%D0%B8-%D0%B7%D0%B0%D0%B3%D1%80%D0%B8%D0%B6%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%87%D0%BA%D0%B8-%D0%BC%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D1%81%D0%B5-%D0%BF%D0%BE%D0%BC%D0%B0%D0%BB%D0%BA%D1%83-%D0%BC%D0%B8%D1%81%D0%BB%D0%B0%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D0%B8%D0%B4%D0%BD%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0/a-18884795 Пристапено на 21.09.2016

Ова истражување е концептуализирано низ призмата на неодамнешното младинско будење, кое се зачна во Скопје во октомври 2014 и се расплини кон други поголеми градови во Македонија.[5] Студентското здружување кое го виде својот врв со активностите на Студентскиот пленум дава простор да се истражува и размислува за младите кои се незадоволни од состојбата на младиот човек во Македонија, но наместо да заминат, претставуваат симбол на општествен отпор и земаат учество во креирање на јавни политики како би ја подобриле моменталната ситуација. Но откако студентските маршеви, автономната зона и антивладините протести[6] се зад нив, дали сѐ уште може да се остане на мислењето дека младите во Македонија се општествено ангажирани и имаат мотив и елан да се борат за подобро утре?

Истражувањето ги има следните цели:

- да го истражи развојот на младинското будење преку различните етапи од постоењето на Студентскиот пленум водејќи се според теоретската рамка;
- да го истражи влијанието на студентското здружување кон личниот и политичкиот развој на младите кои биле дел од Студентскиот пленум;
- да ги истражи групните динамики во Студентскиот пленум низ призмата на различностите меѓу членовите;
- да го истражи потенцијалот на општествено ангажираните млади од Студентскиот Пленум како граѓански лидери во границите на Република Македонија;
- да ги истражи амбициите и позициите на членови на Пленумот во однос на нивниот иден општествен ангажман и нивните ставови во однос на перспективата на младиот човек во Македонија гледано низ призмата на пленумското искуство.

Истражувањето беше реализирано како квалитативна студија, преку спроведување на индивидуални интервјуа и фокус група. Приодот на истражувањето во својата срж е квалитативен бидејќи се занимава со процеси, мотивации и мислења; прашања кои не можат да се адресираат квантитативно. Бидејќи предложените прашања не се истражувани длабочински, постои потреба од квалитативно истражување со индукативен пристап. За тие потреби, беа спроведени 18 исцрпни интервјуа I една фокус група со пленумци кои се активни во различни периоди[7] од постоењето на Студентскиот пленум.

5 Битола, Прилеп, Штип,Охрид

6 Непосредно по студентското здружување следеа и граѓански протести кои започнаа во мај 2015та година, откако во јавноста профилтриараа таканаречените „бомби", каде се слушаат телефонски разговори меѓу политички функционери каде се сведочи за корупција, кражби на државни пари и други видови на криминал. Слични протести продолжија да се случуваат и во 2016, под слоганот „Шарена револуција". Студентите беа дел од мајските протести во 2014 како „Студентски пленум", а на сличен начин, но повеќе на индивидуална основна беа вклучени и во Шарената револуција. (http://protestiram.info/?page_id=2)

7 Преку неформални разговори со пленумците се детектираа четири периоди наделување, кои не се формално,туку грубо одредени.
1.Почетоци на пленум и двата протести во ноември и декември 2014

Податоците од интервјуата беа обработени преку дискурсна анализа и на тој начин беа изградени тематски категории кои се дискутирани во трудот. Истражувањето има за цел да посочи кон младинските движења како важен, ако не и круцијален пресврт кога зборуваме за состојбата на младинската ангажираност.

## Теоретска рамка

### Социјални движења

Социјалните движења можат да се дефинираат низ перспективата на повеќе општествени науки како социологијата, политичките науки, психологијата, антропологијата, културошките науки и други. За потребите на овој труд ќе биде користена дефиниција од социологот Kerstin Jacobsson, која се занимава со новите социјални движења во Централна, Источна и Југоисточна Европа, со фокус на „грасрут“ мобилизации од регионот. Во „Урбани грас-рут движења во централна и источна Европа“ (Jacobsson, 2015, 7) социјалните движења се дефинирани како „напори за колективно делување со цел предизвикување на моменталната состојба на работите од страна на луѓе со заеднички интереси и солидарност во постојана интеракција со елитите, авторитети и/или противниците, потврдувајќи дека репертоарот на колективната акција се разликува во различни контексти и може да се движи од симболички отпор до отворен протест“(2016).

Психологот Ана Блажева во своето истражување за меланхолија и политика се задржува на прашањето на промената и како таа настанува. „Дали промената во социјалната стварност доаѓа со промената на односот на силите на моќ, како што тоа го разгледува традиционалната политичка мисла? Дали промената се случува со индивидуалната еманципација? Дали субјектот и неговата рефлексивност и комплексните дискурзивни практики и игри се алатките на промена, како што сугерираат постмодерните политички теории? Дали промената се случува глобално, во доменот на државата или во малите локални заедници?“ (Блажева, 2016). Поттикната од овие прашања таа ја разгледува можноста за промената преку концептот за промена на Badiou кој предлага дека промената настанува во релации со другите мноштва. (Badiou 2012). „Имено, издвоено субјективно искуство само за себе не може да создаде социјална промена, но може да

2.Окупација во јануари и февруари 2015 до големиот народен протест на 17 мај 2015
3.Работење на проблемот со студентски домови, организација на ад хок фестивал и акции против најавеното градење на нов барокен објект при УКИМ
4.Студентски избори за Студентски Парламент и организација на студентски референдум
Овие четири периоди не се строго дефинирини, но се детектирани како лабави рамки преку кои може да се следи постоењето на движењето. Сепак,трудот најмногу се задржува на првите два периоди кога движењето е масовно и работи постојани, бидејќи и повеќето инспитаници се задржуваа на тој период, додека акциите после окупацијата и протестите во мај 2015 веќе ги гледаат како изолирани реакции кон некои политики, но не како консеквентно делување и работење на движењето. За многу, движење престанува да постои во оргиналната форма после мај 2015

го носи потенцијалот за промена. Споделени искуства и дејствија може да доведат до промена, да создадат нешто ново кое не е конечно и завршено туку продолжува да подлежи на општествената динамика.“ (Блажева, 2016, 51).

Поаѓајќи оттаму, можеме да зборуваме за концептот на политичкото[8] предложен од Ernesto Laclau и Chantal Mouffe според чии теории политичкото делување е единствено возможно доколку е базирано на колективно делување наспроти индивидуално. Тие се залагаат за здрав општествен конфликт преку кој различните маргинализирани групи солидарно ќе дејствуваат во јавниот простор целејќи кон радикализација на демократската борба. Според нив, политчкото лежи во можноста да се замислат алтернативи кои се во директ конфликт (агонизам) со статус квото и само преку колективно делување може да се работи кон евентуална трансформација на моменталниот поредок (Mouffe, 2013).

Политичката наука ги врамува социјалните движења во однос со  нееднаквата распределба на моќ и се задржува на општествените импликации од колективното делување на некоја група. Од друга страна пак, социјалните движења можат и да се анализираат низ призмата на интимната промена и трансформација која тие можат да ја предизвикаат кај членовите на групата која е засегната. Од таа перспектива, социјалните движења можат да се разберат како колективни делувања кои имаат тенденција да ги трансформираат општествените но и личните искуства, водејќи се од парадигмата на феминистичката школа „личното е политичко“. Социјалната психологија исто така има придонесено кон оваа насока на разбирање на социјалните движења ставајќи фокус на „улогата на индивидуата во колективните акции и најчесто обработува концепти како што се социјални идентитети, когниција, емоции, ставови и мотивација поврзани со колективната акција и процесите на формулирање и преформулирање на колективните верувања како и изразувањето и трансформацијата на личната нелагодност и фрустрациите преку заедничка акција...“ (Блажева, 2016, 71).

За да се приклучат кон одредено движење индивидуите мора да имаат неостварени потреби и/или да чувствуваат некаква неправда. Проблематиката за истрајноста на социјалните движења и факторите на мотивација за вклученост на индивидуите е исто така истражуван аспект на социјалните движења, иако со поголем фокус кон причините за активно вклучување отколку напуштањето и распаѓањето на движењата. (Блажева, 2016)

8 „Одливот на мозоци загрижувачки, младите се` помалку мислат на иднина во Македонија“ 30.11.2015 Deutsche Welle https://goo.gl/XDzZfX Пристапено на 21.09.2016

Во однос на тој процес може да се зборува за четири фази на социјалните движења прво споменати од Herbert George Blumer, и тоа: “социјални превривања,” “популарна возбуда,” “формализација,” и “институцијализација” (De la Porta & Diani 2006, 150). Со текот на времето овие фази имаат добиено разни називи. Денес најчесто се среќаваат како:

- Појава
- Соединување
- Бирократизација
- Опаѓање

Во однос на последната фаза (опаѓање), може да се разгледува од повеќе агли и не мора да биде сфатена во негативна смисла (Christiansen, 2011; Macionis, 2001; Miller, 1999). Се наведуваат пет најчести начини на опаѓање на активноста на движењата, и тоа: Успех; Организациски неуспех; Преземање; Репресија.

Социолозите ја користат теоријата на четири фази на социјалните движења како алатка за за да се разбере под кои услови и на каков начин се развива колективна акција. Поради различната природа на социјалните движења, корисно е предложените фази да се стават во одредена општествена рамка, преку која полесно би се анализирале. Ограничувањата на оваа теорија е фокусирањето кон колективниот аспект на движењата и преокупацијата со политичките промени. Социјалните движења можат, но не мораат да ги следат четирите фази предложени погоре. Од друга страна, има повеќе аспекти на влијанието кое социјалните движења можат да го извршат во општеството. Теоријата на импакт на социјалните движења зборува не само за политички, туку и за индивидуални, институционални и културни промени. (Hasso, 2001)

## Студентско здружување

Студентското здружување, иако во овој труд е концептуализирано како дел од широката рамка на социјалните движења, бара еден посебен краток осврт со оглед на тоа што главниот фокус на овој труд е студенско движење. Студентското здружување предизвикува промена која е поширока од кампусот и животниот стандард на студентите. Промената постигната од студентското здружување нужно се прелива во поширокиот општествен простор и историски гледано има потенцијал да се вклучува во борба против расни, родови, економски, културни, институционални и други неправди со кои се соочуваат студентите, како и еколошки, мировни, политички проблеми кои ги засегаат сите слоеви на општеството. Поради широкиот спектрум на проблеми и начини на организирање кои се дефинираат како студентски активизам, Chambers и Phelps (1993) зборуваат за различните начини на кои студентското здружување врши влијание во општествениот систем и во животот на индивидуите. Други прашања кои ги засегаат се „Кои фактори

придонесуваат кон појавата на студентскиот активизам и како студентскиот активизам придонесува кон целокупното студенстко искуство?“ (Chambers и Phelps, 1993)

Една од целите на образованието е да ги подготви поединците за активно граѓанство и потенцијални позиции на лидерство (Roberts и Ullom, 1989). Иако голем дел од истражувањата за студентско лидерство се фокусира на студентското делување во образовните средини, активно вклучување во заедницата придонесува значително кон развојот на студентите како граѓански лидери и социјални активисти. Gardner (1987), ја има истражувано вредноста на таквото искуство втемелено во заедницита, во обезбедување на следново:

1. Можности за студентите да ги тестираат своите судови под притисок, во пресрет на опонентите и во променливи услови;

2. Можности да се вежба одговорност и нови вештини;

3. Можност за студентите да ја тестираат и изострат својата интуиција и да го оценат своето влијание на другите;

4. Да се изложат кон нови заедници;

5. Изложување кон хаотичноста на светот, каде одлуките се прават со недоволно информации и соочување со реалноста дека најдобриот архумент не секогаш победува и проблемите не се решаваат во целост, или доколку се решат, добиваат нов облик.

Chambers и Phelps исто така го разгледуваат студентското лидерство во однос на посветеноста кон општествени промени, која е од суштинско значење за активизам. Резултатите на односот помеѓу вклучување во движења и задоволството со личниот и социјалниот живот се генерално позитивни, а воннаставните активности имаат позитивен ефект во развојот на студентите, вклучувајќи ги и културната и општествената освестеност, развојот на лични и социјални вештини и уметнички интерес (Chambers и Phelps, 1993). Учеството во студентски каузи е во правопророционален однос со политичкиот либерализам и позитивно влијае врз задоволството со студентски пријателства, но од друга страна има негативно влијание врз задоволството со академската клима и формалниот образовен систем (Chambers и Phelps, 1994).

Методот на истражување избран како најсоодветен за овој труд е квалитативна студија со користење на студија на случај. За разлика од квантитативни истражувања кои се однесуваат на големи примероци (Silveman и Marvasti 2008), за ова истражување примерокот е релативно мал и овозможува увид кон индивидуални случаи, иако тоа може да значи потешкотии во носењето на конкретни заклучоци и неможност за генерализации.[9]

## Методи користени за прибирање на податоци

### *Деск анализа[10] и индивидуални интервјуа*

Техниката водење на интервју е користена за прибирање на информации фокусирани околу главните теми на истражувањето. Интервјуата не беа стандардизирани т.е. прашањата не беа однапред целосно структурирани, туку беше користен водич со прашања кои потоа се адаптираат кон конкретната ситуацијата.[11]

Беа спроведени 18 интервјуа во периодот од декември 2016 до средината на јануари 2017 со членови на Студентскиот пленум, запазувајќи ги родовата, етничката и возрасната застапеност на испитаниците, како и нивната професионална ориентација (застапеност на студенти од различни факултети). Во Анекс 1 може да се погледнат информациите за испитаниците под шифри. Од сите интервјуа беше направен аудио запис со претходна дозвола од испитаниците. Интервјуата се движеа по неколку тематски целини, и тоа: интересот на испитаникот за социо-политички теми ретроспективно; неговиот општествен ангажман пред пленумот; вклучување во пленумот и престанокот на учеството (импресии, искуства, релации со други, предизвици, проблеми) и влијанието

9 Во однос на методот студија на случај, Hancock и Algozzine (2006) предлагаат користење на истиот при интензивни анализи и описи на еден примерок или систем, во релација со простор и време. Теми кои обично се обработуваат на овој начин вклучуваат индивидуи, настани или групи. На тој начин, истражувачот се надева да се здобие со длабинско разбирање на ситуацијата во нејзиниот природен контекст и значењето на истата за оние кои се засегнати. Фокусот кон случајот овозможува покритие на поширок спектар на контекстуално сложени услови и производство на широк спектар на теми. Во таа смисла, студија на случај оди подалеку од студијата на изолирани променливи, најмногу поради користењето на повеќе наспроти еден извор на информации. Студии на случај обично се соодветни за занимавање со прашања како што се "Како и зошто се случи нешто?" Со цел да се сфати некаков феномен во целост, се пристапува со користење на методологијата триангулација - различни извори на информации и различни видови на информации се соодветни за да се разберат „како" и „зошто" во дадениот случај.

10 Деск анализата подразбира метод на собирање на податоци од веќе постоечки документи, анализи, медиуми и истражувања со кои би се разбрал социо-политичкиот контекст во кој се јавува проблемот. (Блажева, 2016)

11 Интервјуата овозможуваат да се дознае повеќе за општествениот контекст директно од учесниците, при што се става акцент на мислењата, перцепциите и емоциите на интервјуаниот. Истражувачите кои користат семи-структурирани интервјуа поставуваат и дополнителни, непредвидени прашања со цел да ги испитаат подлабоко прашањата од интерес на конкретните испитаници. На овој начин, семи-структурираните интервјуа ги охрабруваат испитаниците да се изразат отворено и слободно и да го дефинираат светот од нивна перспектива, а не само од аспект на истражувачот (Sharan, 2009).

на пленумот кон личниот развој на испитаникот. Преку овие тематски целини истражувачот имаше за цел да го разбере личното искуство на секој испитаник од земање дел од студентското движење, како и да идентификува проблематични и можеби контроверзни теми кои можат да се допрат подлабински преку фокус група.

***Фокус група***

За потребата на истражувањето една фокус група беше организирана на 14.02.2017, откако централните поенти од интервјуата веќе беа идентификувани. Фокус групата траеше два часа и вклучуваше 8 испитанци внимавајќи на родова, етничка, возрасна застапеност на различни групи, како и разновидност во однос на професионална вокација (студенти или бивши студенти на различни факултети). Фокус групата се одвиваше во просториите на Институтот за европска политика Скопје, исто така во релативно неформална атмосфера. Информациите за учесниците во фокус групата можат да се погледнат во Анекс 2.

## Општествен контекст

Од голема важност за ова истражување е да се земе во предвид комплицираниот и карактеристичен политички контекст во кој се одвиваше случајот кој се истражува, имено појавата и постоењето на Студентскиот пленум и неговото влијание за време на политичка криза на државно ниво. Додека политичката криза која имаше своевидно влијание кон појавата на пленумот, и како таква е темелно дискутирана во трудот на Блажева (2016), динамиката на кризата и многубројните промени под кои подлежи општеството во овие години влијаеше исто така и кон распаѓањето на Студентскиот пленум. Трудот на Блажева како и други анализи, статии и истражувања кои се занимаваат со студентското движење (Спасковска 2014, Лазаревски 2014, Ставревска 2014, Вангели 2014, Јорданоска 2015) се фокусираат на појавата на пленумот, но помалку значење е дадено на развојот на настаните по неговата појава и „славните денови". Овој труд, од друга страна, иако ги допира темите на појавата на пленумот, ќе се задржи на импликациите кои тоа движење ги предизвика, од денешна перспектива, како агол којшто сè уште не бил истражен како таков.

Во своето истражување Блажева (2016) напоменува дека Република Македонија нема богато искуство на независно студентско организирање и студентски движења. Од своето осамостојување, најмасовните протести кои јавноста ги памети се протестите од 1997. Во тој случај студентите штрајкувале во име на тоа да не им се дозволи на нивните врсници-припадници на Албанската етничка заедницада посетуваат настава на мајчин јазик на скопската Педагошка академија. Според Вангели овие протести со националистички карактер беа „најкрупната дамка на македонското студентско организирање" (Вангели, 2014), се до појавата на Студентскиот пленум, „кој за многумина значеше раѓање на една нова политичка генерација во која јавноста виде надеж не само за борба против лоши реформи во образованието, туку виде и потенцијални носители на борбата за социјална правда и поправедно општество во секоја смисла на зборот"(Спаскоска, 2014).

*Високото образование и студентското искуство*

Високото образование во Република Македонија е подлежно на постојани ре-форми од кои најзначајната е приклучувањето кој започна со потпишувањето на Болоњската декларација во 1999година[12]. По низа на други реформи кои следеа по Болоњската декларација[13] во октомври 2014 беше објавена контроверзната реформа за Законот за високо образование.[14] Оваа реформа предвидуваше екстерно тестирање со кое ќе се тестира стекнатото знаење на студентите. Доколу испитот не биде положен, студентот повеќе би немал право да продолжи со студиите. Како директен одговор на оваа предложена реформа, инициран од мал број студенти, се јави зародишот на студентското движење кое подоцна го доби своето име „Студентски пленум“ (Блажева, 2016).

Студентскиот пленум се појави непосредно по најавите за реформите во образованието. Како и да е, студентскиот стандард, културниот живот, квалитетот на образованието на УКИМ и односот со професорите се само дел од проблемите кои уште од почетокот на своите студии ги мачеле студентите кои се приклучиле кон пленумот. Сепак, пред да се појави движењето, повеќето од нив не гледале соодветен медиум како и каде би го канализирале своето незадоволство. Иако сите испитаници посочија дека квалитетот на образованието бил комплетно разочарувачки и не ги исполнил нивните очекувања, има разлики во однос на искуствата на студентите од општествените факултети и оние од техничките. Испитаниците, студенти од Правниот, Филолошкиот и Филозофскиот факултет при УКИМ како централни проблеми ги идентификуваа незаинтересираноста на другите студенти, апатијата, ЕКТС системот на вреднување како и односот на професорите и корумпираноста.

> МЉ: Целиот систем е нефункционален: екстерното тестирање како модел на оценување, ЕКТС системот, факултет во секое село, корумпираност… Пред да се појави пленум напишав на фејсбук дека се срамам од мојата генерација што дозволуваме ова да се случува.

> ДС: Имав конктакт со професори кои имаат да ти пренесат повеќе од знаење, но ми изградија високи очкеувања, 30% добар кадар кој не може да надомести за се друго. На факултет запознав секаков профил на луѓе, сите можни начини на кои младите луѓе може да бидат искорумпирани и видов перверзна игра меѓу професори.

Од друга страна пак, студентите од ФИНКИ, ПМФ и Медицина како најпроблематични аспекти ги наведуваат немањето услови за работа, апарати и простории.

> НЕ: Нема капацитет за 700 студенти, нема зграда. Професорите ме воодушевуваат

12 Болоњската декларација е заедничка декларација на европските министри за образование, потпишана во Болоња на 19 јуни 1999 година, а се однесува на реформата на системот за високо образование во Европа и претставува темел на Болоњскиот процес. Според оваа декларација реформите и имплементацијата на Болоњскиот процес завршуваат во 2010 година.

13 За реформите во високото образование види Блажева (2016)

14 http://www.pravo.org.mk/documentDetail.php?id=799

како колеги, но мислам дека не се доволно писмени. Ја дојдена од Орце и на табла грешно пишуваат зборови...Малку ми беше разочарувачки.

ЉЈ: Немавме гипс за протези. Моравме сами да си купуваме, да се шетаме со кесички.

SO: На мојот факултет има големи трошоци, преголеми групи, нема пари, многу студенти, малку професори...Сите технички факултети ги имаат овие проблеми.

ЃД: Имаме проблем со обезбедување на ПМФ, а плаќаме за обезбедување, не е безбедно...лани ме нападнаа со нож!

Настрана од формалното образование, голем број од испитаниците споменаа дека биле незадоволни од студентската култура во градот Скопје, каде младите одат на факултет да слушаат предавања и полагаат испити, но ретко се здружуваат во културно-уметнички активности, градат врски и конекции, особено со студенти од други факултети. Водејќи се од истражувањата на Chambers и Phelps (1994), каде вмрежувањата на студентите надвор од формално предвидените активности на факултетот се оценети како позитивни во однос на политичкиот и личниот развој на студентите, можеме да зборуваме за важноста на таквите активности за целокупното студентско искуство и градење на студентите како идни граѓански лидери. Квалитетот на студенскиот живот е важен за целосното задоволство (или незадовоство) од позицијата на младиот човек во едно општество. Често испитаниците во интервјуата зборуваа за целостна апатија која владеела помеѓу студентското тело на УКИМ, во однос на генералниот интерес за студиите и квалитетот на истите, но исто така и за незаинтересираноста за градење на еден студентски, младински идентитет во поширока смисла на зборот.

ЗМ: Бев наивна и мислев дека студентскиот живот ќе биде уау, ризница на карактери, професори кои мотивираат, апсолутно мислев дека ќе биде розево. Првите месеци ми беше ужасни...не знаев што да правам со своето разочарување, додека не најдов истомисленици.

АИ: Ние постојано зборуваме за невработеност. Она што не зборуваме е културно социјален живот. Малку зборуваме за културно, социјално, економска, политичко подигање на животот на младите. Ние немаме место каде младите можат да комуницираат меѓу себе. Државата мора да им остави простор на младите луѓе.

Сепак, студентите кои дошле во Скопје од другите градови во Македонија биле донекаде позадоволни од студентскиот живот во Скопје, кој донекаде нуди можности за културно, уметничко и граѓанско здружување, особено во споредба со другите градови каде понудата за младиот човек да се вклучи во јавниот живот е речиси и непостоечка.

БЉ: Огромна е разликата и не само за граѓански активизам, се е централизирано во Скопје. Куманово и Битола може и да се најде, а во што помали места и не постои. Го нема тој слободен дух.

ЗМ: Во поголем дел од градовите а и во Велес растевме не предизвикани на ниеден начин. Активистите мигрираат во Скопје или во странство, централизација максимална. Решив да се преселам во Скопје бидејќи ми беше ужасно во Велес.

БС: Ако јас сум од Скопје и имам плеада од можности за што можам да правам, многу млади го немаат тоа. Немаат екстракурикуларни активности и културната инфраструктура е многу поразлична.

Во секој случај, она што ги обединува сите студенти во овој случај, без разлика на нивното потекло и социјална позадина е латентното незадоволство од маргинализирана позиција на студентите (Блажева, 2016), со акцент на ситуацијата со високото образование при УКИМ. Студентскиот пленум се јавува како платформа преку која тоа незадоволство може да се адресира на конструктивен и ефективен начин, особено бидејќи се конструира околу еден главен елемент – екстерното тестирање, како проблем кој со својата алармантност има потенцијал да мобилизира голем број на студенти.

## 1.Појава

Првата фаза од циклусите на социјалните движења е позната како појавување, или, како што е опишано од страна на Blumer, фаза на «општествено вриење" (Christiansen, 2011). Во рамките на оваа фаза, општествените движења се прелиминарни и речиси и нема организација, туку широко распространето незадоволство (Macionis, 2001). Пред појавата на Студентскиот пленум други студенстки движења имале обиди да адресираат студентски проблеми, но ретко наоѓале на поширока поддршка од студентското тело (ЊБ, 25.01.2017). Иако за проблемите во високото образование се зборува по ходници и на кафиња после предавања (ГА, 29.12.2016), генерално владее аполитичниот идентитет на студентите при УКИМ, кои не се заинтересирани во решање на истите.

Сакајќи да иницираат некоков вид на платформа која би ги инспирирала студентите да се здружуваат, комуницираат меѓу себе и адресираат некои од студентските проблеми на симболичен начин, иницијативата „Отворен куфер" почнала со организирање на филмски проекции проследени со дискусии на факултетот „Блаже Конески".

ЗМ: Го почнавме Отворен куфер со цел да придонесеме кон културниот живот на факултетот, што би поттикнало комуникација и развој на критичка маса...мора да инспирираш на некој начи, можеби поефикасно од директно политички акции.

ИА: Чувствував потреба за промена што произлегува од личен ангажман. Јас бев презаситена. Се најдовме повеќе луѓе во иста просторија, конкретно почетокот на пленумот, беше во една просторија на ФЛФ каде една неформална организација „Отворен куфер" организираше проекции секој петок со дискусии. Го гледавме филмот „The Baader Meinhof Complex" и од таму се пренасочи дискусијата на нашиот контекст и се сложивме дека некако треба да се делува, дека има милион проблеми и во тој момент беше свежа изјавата на Адеми и сите што бевме во таа

просторија решивме дека тоа е горливо прашање за кое треба да имаме став а не сме прашани. Се прашувавме дали сме ние репрезентативни, а нели владееше идеја дека студентите се апатични, и решивме да направиме една средба од затворен тип и ќе поканиме луѓе што ги знаеме за да се собереме и разговараме дали има интерес нешто да направиме...и така го организиравме првиот собир.

ЗМ: Прво не го регистрирав као уау што ќе се случи, но почнаа луѓето сериозно да разговараат. Повеќето луѓе ги знаев, се согласувавме за многу ствари, бевме релативно кохезивна група уживав во почетокот, во таа свежа енергија. Не мислев дека ќе го смениме светот, но ни требаше платформа.

На почетокот движењето претставува неформална група на луѓе, која во октомври 2014 почнува да расте и веќе брои повеќе од 50 луѓе. Во тој период почнува и да се користи името Студентски пленум, а со цел да обедини што повеќе студенти првите пленуми се случуваат на различни факултети. Така, првиот генерален пленум се организира на платото на УКИМ, вториот во дворот на техничките факултети, а третиот во дворот на Градежниот и Архитектонскиот факултет (Матовски и Милевски 2015). Информацијата за генералните пленуми се шири од човек на човек, преку плакати на факултетите, но и најшироко влијание се добива преку јавни објави на Фејсбук (ЃД 28.12.2016, ЕЃ 29.12.2016). На самиот почетокот студентите кои се приклучуваат во движењето се охрабрени од тоа што гледаат нови, млади лица кои не ги виделе порано, но и мотивирани од аргументираноста и креативноста на пленумот. Искреноста, отвореноста, надежта, незајадливсота и слободата која се чувствувала на првите состаноци се споменувани како охрабрувачки фактори за вклучување во движењето од страна на испитаниците. (ВП 26.12.2016, ДС 27.12.2016, SO 30.12.2016).

Поради интензитетот на случувањата, како и ентузијазмот и еуфоријата која владее меѓу пленумците, уште од почетокот се гради силно јадро кое има еманципаторски, инклузивен и соеднинувачки карактер, каде студенти од различни градови, етнички заедници, социјална позадина и различно образование градат блиски врски, доверба и разбирање.

SO: Збир на луѓе од различен бекграоунд, градови, факултети, идеи. Најдобрите работи излегоа поради компромис од различните ектреми.

ДС: Не беше битно кој кажал нешто. Во други движења многу е битно името и презимето, не е побитно што идејата може да промени, тука чија е. Немаше потреба да се креираат авотритети, туку да се пренесе идејата дека и ти вредиш и твоето мислиње вреди. Немаше простор за зајадливост.

БС: Преку отворените пленуми се покажа дека ова е иницијатива на сите и секој може да учествува. Отворените пленуми се случуваа физички на различни места...буквално имаше можност студенти од други факултети да дојдат и физички да видат како тоа изгледа.

Уште на појавата на пленумот може да се увиди дека има две струи на различни мислења во однос на прашањата кои пленумот ги адресира. Голем дел од студентите биле изреволтирани од идејата за екстерен испит кој ќе го тестира нивното знаење од надворешна институција со што би се поткопала автономијата на универзитетот.

> ЈК: Бев многу гневна. Нема никој, било кој, од било кое министерство што може да ја оцени мојата работа. Тоа може само мојот професор или ментор. Првобитно мотивацијата ми беше да се смени екстерното, потоа да се смени законот за високо образование и финално-подобро образование.

> ЃД: На протестите најголем дел од студентите што дојдоа лично ги засегаше екстерното али исто така поголем дел од нас не бевме задоволни со самиот образовен систем.

Друга група на студенти сметаат дека екстерното тестирање служело само како повод за да се зачне силно студентско движење кое ќе се бори со неправдите кои тие ги увиделе во општеството.

> КМ: Сакав да ги поттикнам и другите млади на активизам. На идентитетско политичко како да кажам, разбистрување на себеси или субјективизирање и на поголема мобилизација. Кога зборувате за образование вие зборувате за политика.

> ЖА: Промените во законот беа повод но не и причина. Као алиби. Има структурни проблеми, а испитот го зимаме како појдовна точка.

> ЅО: Не започнав поради законот. Започнав поради чиста активистичка нота, односно самата идеја дека има движење кое е искрено, интелигентно и добро се бори за својата цел е тоа што ме привлече, не беше тематиката. Бев на еден од првите пленуми пред градежен поседов да слушам што разговараат и викам уау ова се луѓе кои не се само гневни кон екстрното, туку гневни кон целиот систем и го кажуваат тоа на многу интелегентен начин.

И покрај разликите во ставовите кои постојат по горенадеденото прашање, во првобитната фаза на здружување, неоспорливо е прашањето за принципот на кој пленумот функционира, имено директна демократија, преку механизмите на хоризонтална, наспроти хиерархиска структура. Пленумот во тој период расте и се зацврстува како автономно и транспарентно тело кое што се базира на принципот: еден човек = еден глас. Бидејќи во овој почетен период се работи за релативно мала и кохезивна група, хоризонталната структура, иако има недостатоци, функционира успешно ( ЖА 29.12.2016, МЉ 10.01.2017). Вреднувањето на мислењето и идеите на секој поединец подеднакво и непостоењето на поделби по ниеден основ, освен идеолошкиот (кој на почетоците се смета за конструктивен), функционира како силна мотивација за студенти од различни профили да се здружат за една повисока цел.

## 2. Соединување

Втората фаза од развојот на социјалните движења е позната како соединувањето или “популарна фаза”, која се карактеризира со јасно дефинирано незадоволство и постои насоченост кон причините и изворот на незадоволството. Во оваа фаза поединците кои учествуваат стануваат свесни еден за друг, се јавува одреден степен на лидерство и се разработуваат стратегии за успех. Во оваа фаза може да се случат масовни демонстрации со цел да се прикаже моќта на социјалното движење и да се изјаснат јасни барања (Christiansen, 2011) што е и случајот со Студентскиот пленум. Во период од два месеци се организираат два масовни маршови во Скопје, од кои на првиот на 17 ноември – меѓународниот ден на студентите се вклучуваат околу 3000 луѓе[15], додека на вториот на 10 декември се случува масовна поддршка со тоа што маршот брои околу 10 000 луѓе, правејќи го најмасовниот студентски протест во историјата на земјата[16]. Во сведоштвата на членовите за овој период карактеристични се чувствата на ентузијазам, еуфорија, другарство, гордост и надеж за промена, но во исто време стрес и чувство на одговорност.

> ЉЈ: За многу кратко време очите на јавноста беа свртени кон нас, а ние не го очекувавме и баравме тоа....и страшно беше. Во одреден момент постоеше само пленум. Ништо друго не постоеше.За месец дена мене пленумот ми стана животот. Трансот пленум траеше од почетокот до крај на окупација.
>
> ЖА: Имаше еуфорија која беше како другарска лудост. Повеќе од лудост. Градиш интима и знаеш дека од една страна го губиш семејството...но добиваш уверување во другарство со други луѓе со слични интереси. Плус има ослободувачки момент- уф, кажав, го направив. Искачање од плакар и веќе никогаш во јавност нема да го имаш тој страв. Веќе никогаш.
>
> ИА: Се чувствував многу револуционерно. Имаше атмосфера на надеж и самозадоволство. Не можам да зборувам за ова време, почетокот на пленум, без носталгија. Не обзема некој дух, филм, дека сме важни, дека имаме глас, дека можеме нешто да промениме. Имаше и его момент. Ние во еден момент направиме политичкиот ангажман да стане кул. Можеби тоа е наивна перспектива, но тоа беше во еден момент битно.
>
> ЉЈ: Беше ин,  многу студенти на едно место и таа атмосфера те понесува, зошто кој и да дојдеше беше прифатен... Мислам дека многу тргнаа со тоа, „еј забавно ќе биде, ќе упознаеме луѓе„ али после сфаќаш дека уствари тие луѓе што поактивно учествуваат ти се борат уствари за автономија на универзитетот.

15 „Студентски марш против екстерното“ Фокус (17.11.2014) http://fokus.mk/studentski-marsh-protiv-eksternoto/ Пристапено на 26/03/2017

16 „Масовен марш против државниот испит на универзитетите“ Утрински весник (10.12.2014) http://www.utrinski.mk/?ItemID =C45DFBB37B5CE4408BD4328803D7F211&commentID=629706&pLikeVote=0 Пристапено на 26/03/2017

Од структурален акспект, пленумот веќе добива релативно различна содржина за разлика од почетокот, со активирање на локалните пленуми на факултети кои имаат доволен број на активни учесници, кои преку делегација на ставови преку координатори/делегати, се координираат меѓусебе практикувајќи ги принципите на директна демократија, а потоа тој став се пренесува на координативни состаноци кадешто се гласа. (Матовски и Милевски 2015). Во овој период иако членството расте брзо и движењето се популаризира, хоризонталната структура сеуште функционира, но со потешкотии. После двата успешно организирани маршови, додека се договара окупацијата, комуникацијата помеѓу толкаво членство е речиси оневозможна во истата форма како и на почетокот, а јазот помеѓу различните струи во движењето станува посериозен. Иако не постојат поделби на база на етничка припадност, пол, возраст, потекло и слично, идеолошките поделби се мошне изразени и се раѓа простор за некои членови да се истакнат како лидери и да имаат повеќе влијание и авторитет од други (ЗМ 29.12.2017). Како и да е, во почетните фази на пленумот, таквата идеолошка поделба вродува со плод и носи позитивни резултати бидејќи различните карактери и профили на студенти го прават пленумот да стане симбол на широко, инклузивно здружување креирано врз база на студенткиот идентитет без разлика на личните разлики меѓу студентите.

## 3. Бирократизација

Оваа фаза, дефинирана и како “формализација” (De La Porta и Diani, 2006) се карактеризира со повисоко ниво на организација. Во оваа фаза, општествените движења веќе доживеале одреден успех со тоа што ја подигнале јавната свест околу некое прашање и може да се зборува за одредена политичка моќ која е поголема отколку во претходните фази како и пристап до политичките елити. Многу социјални движења не успеваат да се трансформираат на овој начин и остануваат надвор од системот, бидејќи станува тешко за членовите да ја одржат возбудата за каузата, па така мобилизација станува се потешка. Формализација често значи дека вработени лица треба да го пополнат просторот кога волонтерската работа станува неодржлив (Macionis, 2001). Во однос на Студентскиот пленум, може да се каже дека иако до некаде успева да се трансформира во таа насока, истотиот тој обид делува и погубно за движењето. Свесноста за моќта која веќе ја има, води до несогласувања во однос на тоа каде таквата моќ да се насочи. За одреден степен на формализација може да се зборува за време на окупацијата на факултетите, таканаречена „Автономна Зона“ која започна со окупацијата на Филозофскиот и Филолошкиот факултет, а продолжи и кон Техничките факултети и Архитектонскиот и Градежен Факултет при УКИМ. Во овој период пленумците сѐ уште работат по принципот на интерни пленуми веќе објаснет погоре, но исто така се влегува во директни преговори со Ректоратот, Министерството за образование, а подоцна и Владата формира работни групи за изработка на нов Закон за високо образование.

Од друга страна пак, јазот помеѓу двете фракции кои постојат во пленумот, од кои едните се легалисти (таканаречени и правници), а другите левичари (револуционери, автентични), станува се поголем и го оневозможува развојот на пленумот во одредена насока.

> ЛН: Работните групи требаше да се направат интересни. Тоа е навистина мачење за некој што не е од таа струка. Луѓето се обесхрабруваат, нема брзи резултати, престана да биде интересно, се намалија културните случувања, а се зголемија бирократските и престана да биде кул.
>
> БЉ: Веќе немав сила се да сведам на бирократски расправии за законот, бидејќи се случуваа многу побитни работи во државата.
>
> ЊБ: Ми беше одбивна идејата за стерилно движење, со бирократија, грантови, проекти...значи мене ми се свиѓаа слободарските принципи.
>
> ЃД: Самата активност во интерни пленуми се намали - полагаа испити, изгубија интерес, се воведе банална бирократија и од коа се деси тепањето на студентите, пленум беше во работната група и коа се деси тоа се излезе од работната група, ем ради принцип, ем зошто таа работна група беше како се во државава.
>
> НЕ: Мислам дека грешка беше на пленум да преговара со таа власт и да и дава легитимитет. Не можеме да бараме промени во образованието ако се друго не чини. Насилството кое се случи на 5ти мај беше пресврт, но жално е што мораше до тоа да дојде за да се разбере.

Може да се забележи дека иако пленумот започнува одреден процес на бирократизација во овој период, како и комуникација и преговори со политичките елити (главно преку работните групи за пишување на новиот закон), таа одлука имала негативно кон ентузијазмот кај голем дел од студентите, особено оние кои не се занимавале со правни науки. Во периодот додека се случуваат преговорите веќе се насетува падот на движењето, делумно поради губењето на ентузијазмот и иницијалната енергија, но делумно и поради ескалацијата на политичката ситуација, поради која студентите се соочуваат со полициска бруталност на 5ти мај 2015[17].

## 4. Пад

Парадигматските несложувања во однос на полето на борба кое пленумот треба да го завземе станува се пожестоко, паралено со поличката криза во земјата која ескалира за време на и по окупацијата. За многумина, тука започнува и некој своевиден крај на Студентски пленум[18], заклучно со граѓанските протести против владеачката гарнитура на 5ти мај и 17ти мај каде пленумците земаат учество и за прв пат вадат свое знаме

17 Полициската бруталност на 5 мај 2015 го разгоре оганот на протестите (05.05.2016)http://vistinomer.mk/politsiskata-brutalnost-na-5-maj-2015-go-razgore-oganot-na-protestite/ Пристапено на 01.04.2017

18 Иако за конечен крај не може да се зборува, бидејќи постојат различни мислиње кај испитаниците во однос на тоа прашање.

на настан кој не е организиран од самите нив (АИ, 26.12.2016). Разжуструвањето на политичката реалност направи ситуација во која преговорите со власта стануваат невозможни, а работните групи за многу од пленумците не можат да вродат со плод. Од друга страна пак, истата политичка ситуација допринесува до релативно „помирување“ на двете струи на пленумот, каде што антивладините протести на 5ти мај до некаде ги сплотуваат фракциите во борба за кауза која неминовно го надминува академското тло (АИ, 26.12.2016).

За други пак, пленумот постои, но во реакционерска форма, а не како движење со постојани акции. За конечно распаѓање на движењето не може да се зборува, бидејќи и по наведениот период пленумот продложува да работи, особено за време на изборите на студентски претставници во 2016[19]. Сепак, може да се забележи тенденцијата на испитаниците да зборуваат за пленумот во минато време, дури и оние малку кои останале да бидат активни и по мај 2015. Од тој аспект, за многу, пленумот е еден историски момент кој завршува по окупацијата и одвојувањето на едното крило и основањето на нивно, независно движење „Мугра“, додека за други движењето останува отворено за користење и интерпретација на наредните генерации студенти кои имаат право да го користат стекнатото искуство на пленумците како своевиден општествен капитал.

## 4.1. Организациски неуспех

Организациски неуспех се случува тогаш кога движењето доживува брза експанзија, а нема капацитет да одговори на ново создадената реалност. Најчесто, во таква ситуација доаѓа до фракционерство и/или концизирање (Christiansen, 2011). Веќе спомената тенденција на пленумот кон фракционерство на почетоците на движењето е позитивна со тоа што претставува простор за различни струења да делуваат заедно. Од друга страна пак, со експоненцијалниот раст на движењето, истите струи почнуваат да се развиваат одделно, да придобиваат следбеници, да имаат одделни состаноци и комплетно различни перспективни во однос на насоките на пленумот.

> ДС: Имаше вербални, физички напади...јас се презаситив, во еден момент не можев да издржам. Не можеш веќе да се бориш со луѓе ако немаш иста цел. Јас имам цел подобри услови за студентите, он има цел да изгради кариера.
>
> КМ: Кога имаш радикално различни ставови подобро е да се поделиш. Тие што се оделија сметаа дека треба да буткаме влада. Јас мислев дека сме студентско движење и треба да се концентрираме на тоа.
>
> ЃД: Кај најголем број студенти пленумот заврши кога се сложи да оди на народниот протест на 17мај. Лично, мислам дека требаше да се оди, ама самиот проблем се случи во кратко време и не беа свикани генерални пленуми.

19 „УКИМ веднаш да реагира против тепањето студенти!“ (01.07.2016) http://www.dw.com/mk/уким-веднаш-да-реагира-против-тепањето-студенти/a-19370534 Пристапено на 23.02.2017

Тоа се реши на интерно ниво.

ЗМ: Од почетокот имаше одвоеност но кога беше помала групата се толерираше. Како што растеше почнаа саботажи, надгласување и двете страни беа агресивни. Не бев сигурна дали ќе се надмине тоа и ќе се претвори во нешто конструктивно... Се распадна движењето. Сеуште постои пленум, но се подвоија две струи. Мугра се појави како друго движење.

ИА: Јас не гледав причина пленумот повеќе да постои. Бидејќи не беше способен да се трансформира, мислев дека треба да остане како историски момент, важен за архивирање, за понатаму да не се почнува од нула. Неговиот моментум помина.

Фракционерството во студентско движење кое се здобива со политичка моќ и значење за јавноста, во случајот со пленумот се покажува како деструктивно за неговото постоење.

## 4.2. Успех

Некои движења ги исполнуваат своите цели и поради тоа престануваат да бидат активни. Помали, локализирани движења со специфични цели често имаат подобра шанса за успех (Christiansen, 2011). Студентскиот пленум, за разлика од други движења кои му претходеа (како на пример Слободен Индекс[20]) имаше релативно успешен исход во секоја смисла. Покрај тоа што успеа да организира два масовни марша во Скопје,[21] како и окупација на повеќе факултети, тој исто така и успеа во својата главна материјална цел – спречување на новиот Закон за високо образование. Според некои испитаници, успехот е и во фактот што конечно се покажало дека власта не е непобедлива. Успешноста на акциите од пленумот, од друга страна пак, влијаело кон опаѓање на неговата можност за мобилизација.

ЃД: Мораториум до 2017 направи веќе да не се чувствува на свој грб товарот. Се изгуби тој главен непријател. Никој не сакаше екстерно, сите беа незадоволни со законот. Од кога ја добивме таа група, и после законот отиде во мирување, се изгуби тој главен непријател.

ЊБ: Нас не зафркна мораториумот на законот, почна да се реновира Гоце Делчев, дадоа бесплатен превоз за студенти, а и се појави политичката криза.

До некаде, успехот на пленумот на неколку полиња се доживува и како контрапродуктивен бидејќи влијае негативно кон неговиот потенцијал да продложи да мобилизира студенти со истиот интензитет како на неговите почетоци кога има јасна и конкретна цел.

20 Неформално, независно студентско движење во кое група студенти од државните факултети се борат за подобрување на стандардот на образовниот систем.
21 17ти ноември и 10ти декември

## 4.3. Репресија

Репресијата се случува кога властите и/или политички елити користат мерки(понекогаш насилни) за контрола и/или уништување на општествено движење (Christiansen, 2011). Со оглед на тоа што пленумот постоеше во тежок политички период кој сеуште трае, вклучените студенти мораа да се соочуваат со разни политички притисоци. Најпрепознатливиот јавен напад на пленумците се случи во провладините медиуми каде беа заокружувани со црвено како предавници.[22] На ова, движењето одговори со креативна герила акција и на следниот марш студентите се појавија „само-заокружени" алудирајќи на тоа дека не се срамат од своите постапки и дека сакаат да бидат заокружени како „пријател(к)и на слободната мисла"[23]. За многу, тоа беше една од најуспешните акции на движењето. Освен напаѓање во медиумите, некои студенти се соочувале и со друг вид на пречки, како конфликти со некои професори или семејни притисоци.

> ЉЈ: Многу е заебано коа ќе станеш фактор во висока политика.Тоа влијаеше на развојот на пленумот. Ти не можеш да се бориш со партиска машинерија. Луѓето не веруваа дека не бевме платени.Луѓето престанаа да веруваат во неутралноста на пленумот.
>
> ЖА: Кога првпат се појавив јавно, а бев условен од дома да не излезам бев едноставно исклучен од семејството.
>
> ЉЈ: Имам професори што две години не ми даваат да положам зошто сум се борела против тие промени.

Во случајот со пленумот, репресијата делува на неколку нивоа. Од една страна, служи како соочување со затворените врати на системот и преиспитување на методите на работа. Така, после двата марша се гласа окупацијата на факултетите како метод на вршење посилен и подиректен пристисок кон политичките елити и до некаде се вродува со плод и се добива право на учество во пишување на нов Закон за високо образование. Слично е и искуството на Средношколскиот пленум кој преку бојкот на настава и поставување на протестен марш почнуваат да преговараат со Министерството за образование против моделот екстерното тестирање (Ф6, 14.02.2017). Од друга страна, етикетирањето, неможноста да се води дијалог со политичките елити и конечно полициската бруталност со која се соочуваат студентите на неколку наврати, делува демотовирачки за многу од нив.

22 Студентски пленум не постои, студентски пленум е СДММ, http://vesti.mk/read/news/3843183/1385289/kurir-studentski-plenum-ne-postoi-studentski-plenum-e-sdmm Пристапено на 26.03.2017 „Филипијада: КРУГ" Глобус (16.12.2014) 4http://www.globusmagazin.mk/?ItemID=9D9033A488311247BEC23D798D8EBC01 Пристапено на 26.03.2017

23 Ваков слоган можеше да се види на фејсбук профилите на многу членови и поддржувачи на Студентскиот пленум во почетната фаза на пленумот

Ф2: Кога гледам за иднината, имам таков страв и се надевам дека не сум во право, но ова се случува веќе 25 години. Во млади години даваме се, спиеме по улици, по факулти, не тепат, другари ни апсат, ни завршуваат во протвор.. Се случуваат ствари кои еден млад човек не би требало да ги искуси во една нормална држава. Јас искрено сум револтирана, но не го гледам веќе протестот како начин на правење промена.

Ф6: Скроз сум „down"…Се презаситуваш кога се бориш а насоката е погрешна. Со мафијаши се бориме со дебата и кренати раце.

## 4.4. Преземање

Мобилизацијата исто така може да опадне доколу стане зависна од централизирана власт или харизматичното лидерство, преку преземање. Преземање особено се случува кога лидерите на движењето почнуваат да градат однос со авторитетите или со други странки, повеќе отколку со членовите на движењето (Christiansen, 2011). Иако Студенсткиот пленум има хоризонтална поставеност, што значи дека не постои официјално лидерство, според повеќето од испитаниците неофоцијално лидерство постоело до некој степен, врз база на истакнати членови преку вешто ораторство, популарност во очи на другите, и харизматичност.Дотолку повеќе може и да се зборува за една „хиерархија" на членовите според тоа кога се приклучиле кон движењето (ЗМ, 29.12.2016), па така, постарите членови се на некој начин поискусни и оттаму повлијателни.

ЛН: Јас издржав, да бидеш во училна и да не сфаќаш што се зборува, а работи што се случувале порано, делови од закон итн. Мислам дека многу од новите студенти кои сакаа да се вклучат ги заплашивме. Премногу почнавме да збориме, а премалку да правиме.

ЈН: Јас да се трескам од глава да викам јас го направив пленум, мислам, зошто?! Култ на лидери се градеше. Сме требале да немаме суета - јас сум пленум види што направив. Не треба тоа да те удри во глава.

ЗМ: Апсолутно имаше тенденција за создавање лидери. Не беше неочекувано. Луѓето кои беа поагресивни, поначитани…тие природно се издвоија како водачи. А тие кои беа потивки или поддржуваа или работеа практични работи.

Во однос на комуникација со авторитети, личната комуникација на некои пленумци со Ректоратот претставувал проблем за други. Можно е и да се зборува за одредено незадоволство кај студентите од техничките факултети, кои биле недоволно вклучени и контактирани, за разлика од пленумот на Правниот факултет.

ИА: Некои почнаа да се слушаат со Ректорот, да му се најавуваат со име, наместо како пленум. Мене тоа ми беше одвратно.

НЕ: На многу луѓе им се смачи да се жртвуваат за други, од технички факултет никој не беше контактиран, а други одеа по амбасади, интервјуа...Не знам дали не сакаа да не вклучат или ние не бевме доволно иницијативни. Се чувствував изиграно на крај. Се случуваше магија до средина на окупација и после тоа...ко од Пустец бевме.„Еј, здраво Ректоре!"- ми се повраќа од такви работи и не сакав да бидам дел од тоа.

## Влијание на Студентскиот Пленум

Тешко е да се генерализира за општественото влијание кое го извршило некое движење без да се направи обемна квантитивна анализа. Како и да е, ова истражување се концентрира на перцепциите на студентите кои го доживеале студентското здружување и ангажирање од внатре, така што во фокус е нивниот поглед кон влијанието и промените кое тие сметаат дека ги извршиле или доживеале. Од тој аспект, влијанието на студентскиот активизам во овој конкретен случај може да се разгледува на општествено/политичко ниво (но исклучително од нивната, лична перспектива) и на ниво на личен развој и интимнодоживување.

### Општествено/политичко влијание

Студентскиот пленум успеа да изгради традиција на студентско организирање кое опстојува и по „славните денови" на пленумот. Така, на доста факултети се реактивирани студентските парламенти, а постојат и други, нови организации. Искуството во пленумот, исто така, има изградено силна мрежа и висок социјален капитал помеѓу многу млади луѓе, како моќен исход од студентско здружување.

> БС: После пленум е битно што имаме нови студентски организации на различни факултети, тое еден од видливите продуктивни ствари кои излегоа од пленум, особено на факулети кои немаат таква традиција.

> ЃД: Најмногу има влијаено на социјално ниво. Пред самиот пленум јас се дружев со колеги само од кај мене на факултет... После пленумот се здружив со се и секој од сите факултети. Со многу од нив имам соработувано и тоа ми даде некаква надеж дека таа апатија што владее тука не е апсолутна.

Здружувањето и градењето блискост со други студенти преку вмрежување и дружење во име на некоја повисока кауза е оценето како искуство од исклучителна вредност кое станува подлога за специфични пријателства во контекст на понатамошна граѓанска борба. Врските изградени преку пленумот имаат оставено длабоки траги кај оние кои ги искусиле од прва рака, и истите тие врски продолжуваат да постојат надвор од конкретното студентско здружување.

> ЉЈ: Сите што бевме активни ако треба пак ќе застанат на нозе. Тие познанства, другарства, ноќи на факултети ќе направат ако удрат по тебе да станам да удрат и по мене. Тоа се случи со Шарена Револуција, сите стоевме во први редови. Тоа се тие вредности на солидарност и другарство. Ние сме сите луѓе кои се бориме, а не, да си ја спакувам торбицата и да си идам. За мене пленум е дома. Као буквално дома.

Пленумот преку својата искреност, реторика и креативност, аргументирани јавни настапи, изврши едно своевидно политичко описменување и охрабрување, не само меѓу пленумците туку генерално во јавниот дискурс (SO, 30.12.2016, КМ, 04.01.2017). Оттаму и се јавува масовната јавна поддршка за движењето, според повеќето испитаници.

> АИ: Пленум е прво движење кое се појави и рече - да ние се занимаваме со политика зошто политика е се она што не опкружува, а партија е само еден сегмент од тоа.

> КМ: Пленумот им даде смисла на многу млади активисти, потенцијални активисти дека можат да влезат и преку заедничарење со други луѓе да градат нови вредности и нов пристап спрема политиката.

> SO: Жарот и искреноста на луѓето од пленумот ме натера да речам - да јас бев пасивен овие година две, без причина, не е оправдавно да си пасивен во вакви услови. Заради тоа ми е пленумот толку мил и близок.

Од тоа гледиште, не треба да се бара конкретен успех или „среќен крај" кога станува збор за општествени движења. Нивното своевидно влијание треба да се следи преку можните микро померувања кои успеале да се издејствуваат во јавниот простор.

> Ф1: Како таква организацијај ја замислуваме со хепи енд? Едноставно гаси, не може да заврши среќно и да се сеќаваме сеа ние носталгично. Идејата беше да се разбудат и артикулираат нови енергии во одредени форми на политичко дејствување и тоа е тоа. Зашо да заврши поинаку?

На слична линија, може и да се зборува за поширокото влијание кое го изврши движењето во однос на политичкиот отпор, предизвикувајќи верижна реакција, индиректно охрабрувајќи и други групи на граѓани јавно и организирано да го искажат својот гнев.

> ЃД: Пленумот успеа да направи нешто што не е видено пред тоа. Се што се случи во државата, и бомбите, и протестите, и изборите, се започнаа со 10 000 студенти на кои не им беше сеедно. Не само што ги освестивме студентите туку ги освестиме сите.

> SO: Луѓето немаа страв, имаа желба и гнев и на протестите на 5ти мај и Шарената револуција. Сфатија не дека не е лошо – туку потребно е својот гнев да го канализираат.

> ИА: Иако мислам сега сме повторно во апатија, јас приметив огромно влијание на пленум кон други движења, на пример протестирам- неистакнување на никави етнички, партиски обележја, пишување на соопштенија на повеќе јазици...

Пленумот успешно се претстави како едно еманципаторско движење и наметна еден нов стандард на здружување од повеќе аспекти. Движењето уште од почетокот користеше двојазичност, се грижеше за родова еднаквост, беше отворен и инклузивен кон сите групи на студенти и тоа лесно можеше да се воочи и во јавноста.

АИ: Прво движење кое користеше двојазичност, спонтано. Никој од нас не размислуваше дека тоа е уау, освен јавноста.

ЖА: Во пленумот немаше притисок за родова еднаквост, постоеше избалансираност природно, без системски пристап кон прашањето, веројатното поради ослободувањето општо и тука мислам дека постави пленумот високи стандарди. Од првиот ден имаше и женски и машки кои се појавуваа јавно, тоа е едно од посреќните резултати на пленумот.

Истите придобивки на пленумот може да се забележат како заклучоци во трудот на Блажева, каде пленумот се разгледува како прво студенстко движење кое „во македонскиот контекст се поставува како пример за надминување на поделеноста во општеството и покажување на пример за идентитетки инклузивно социјално дејствување (етнички, религиозни, партиско, идеолошки и сексуални итн.)"(2016).

Понатаму, Средношколскиот Пленум кој се појави речиси паралено со Студентскиот Пленум користејќи ги истите методи на работа и пристпособиуvајќи го моделот на фунционирање за своите потреби е најголемата победа и запис која ја оставил Студентскиот Пленум според голем дел од испитаниците.

ГА: Средношколски пленум е најголемата победа на пленум според мене. Човече влијаевме на нова генерација луѓе. Им дадовме надеж, им дадовме модел и ги натеравме да размислуваат надвор од проклетата кутија.

Од друга страна пак, кавгите и раздорите кои ги сведочеле средношколците кога присуствувале на состаноците на Студенстки пленум влијаело негативно на мотивацијата и перцепцијата на средношколците според еден од испитаниците.

ЊБ: Мислам дека ради внатрешни конфликти не оставивме добар впечаток кај средношколците. Се правеа саботажи, до гаѓање со пенкала. Мене ме утепа тоа. Во исто време Средношколски Пленум седат и го гледаат тоа, и викам ние ги изгубивме потомциве. Наместо да им покажаме како се разбираме со дијалог ние се гаѓаме со пенкала.

Сведочењето на внатрешните раздори и кавги во Студентскиот пленум, имало негативно влијание кон мотивацијата на многу учесници од Средношколски пленум да ја продолжат традицијата понатму, според испитаник кој бил активен и во Средношколски пленум, а продолжил да биде дел од пленум и како студент.

Ф6: Ние окупацијата ја прававме заедно...Маршовите беа помасовни затоа што ние цело време ги поддржувавме.Така се создаваше таа бројка, не дека ние паднавме од Марс. Но не сакавме да продолжиме во пленум знаејќи ги сите караници...Таа нездрава атмосфера и умор...многу нејќеа да продолжат. Имаше тежнеење кон нешто ново, батали Студенстки пленум....ама сето тоа многу брзо згасна и атмосферата се стиша.Се изгуби смисла после завршување на годината.

## Лично/интимно влијание

Без исклучок сите испитаници на искуството во пленумот гледаат како кон нешто што ги има драстично променето и им има влијаено на нивниот развој и разбирање на себеси и на другиот, во некои аспекти позитивно, во некои негативно. Се поставува прашањето колку после едно такво турбулентно искуство на студентски активизам истите тие млади се подготвени да завземат сличен проактивен и ангажиран став во општеството. Интензитетот на случувањата кои овие млади ги доживеале преку својот ангажман влијаел на различен начин кон нивниот личен развој, но и кон нивната мотивација да продложат да фунционираат понатаму во истата средина во која повеќето не гледаат значителни поместувања како резлутат на нивниот ангажман.

Во голем дел, студентите бенефитирале од искуството од аспект на лични вештини, на пример аргументирано, јавно говорење, тимска работа и слушање на другиот. Тие сметаат дека овие стекнати вештини, кои не ги стекнале благодарение на формалното образовие, туку благодарение на пленумот, ќе им служат понатаму во работните ангажмани и професионални релации.

> КМ: Станав поголем демократ, претходно не ни знаев дека демократија е да слушаме секој, да се зборува, да се аргументира. Да се влезе во дијалог и во однос со другиот.

> БЉ: Мислам дека таму почнав да се градам себеси како личност и индивидуа. Учев солидарност, емпатија, толерантност, ислушување, почит кон другоста. Апсолутно имаше простор за различност.

Исто така влијанието се чувствува и во доменот на психолошко и емотивно созревање, преку разбирање на другиот, градење врски кои се базираат на солидарност и другарство, како и толеранција и правење компромиси со луѓе со спротивставени ставови.

> ИА: Неверојатно политичко созревање, разочарување, дури и откровение. Ние пред тоа немавме претстава колку политичкото делување компримитира и колку свесно треба да се впуштиш.

> ЗМ: Се тестираш себеси. Кој си, од што си направен, за што си спремен да се бориш, за што си спремен да се жртвуваш...Те тера да си ги тестираш принципите, да играш тимски...Колку ќе му дозволиш да те научи. Те делка и ти помага да дојдеш поблиску до тоа што си ти.

Политичкото и интимното созревање, како што беше опишано од многу студенти, стекнато за кратко време во стресни околности не поминало без придружени ефекти. Голем дел од младите после две години сеуште чувствуваат незадоволство од својата позиција во општество, некои и повеќе од времето порано. За голем дел од нив тоа значи заминување од земјата во потрага по подобри услови за живот, а за друг дел

продолжување на истата борба, но во други форми.

## *Помеѓу останување и заминување*

Во голема мера, целокупното доживување со пленумот има извршено одредено влијание кон плановите на пленумците за сопсвената иднина, на личен и професионален план. Емоциите кои варираат од решителност кон разочарување се доволно моќни и свежи за да ги ефектираат идните животни одлуки на овие млади луѓе. И покрај бројните позитивни, искуството со пленумот за многу има и негативни исходи, главно побрзани со разочарување од малата фактичка промена која движењето ја издејствува во политичката реалност. Незадоволството од моменталната ситуација и покрај вложениот труд за подобро утре, кај многу од испитаниците служи како мотив за да се замине од државата, не само од економски причини, туку и поради извереніата надеж за промена.

> БС: Мислам дека е многу тешко за пленумот да се бори против целата апатија и незаинтересираност. Во даден момент мислам дека даде многу надеж дека може да има промена во државава, меѓутоа земајќи го во предвид „outcome-от" од последниве избори и сите случувања во изминатава година...мислам дека премногу млади изгубија надеж. Немам верба во подобра држава. Не знам дали некој човек има надеж.

> ДС: Јас бев од оние патриоти закоравени кои осудуваа луѓе кои зимаа бугарски пасош, кои сметаа дека луѓето се кукавици ако си идат и знаеш што сфатив? Дека јас со моите вредности не можам да опстојам тука. Јас имам вредности како да живеам во Шведска а живеам во Македонија! Самите вредности кои сме ги прифатиле како нормални се проблемот. Нас егзистенцијата ни е загрозена а зборуваме за студентски проблеми. За што зборуваме ние?!

Дел од испитаниците, со акцент на студенти од техничките факултети, планираат да заминат бидејќи не гледаат иднина со својата струка во границите на Македонија. Нивната одлука е водена главно од амбиции за својата струка кои сметаат дека не можат да ги отстварат во Македонија.

> ЊБ: Не се глеам у Македонија. Не пошо ми е кејф, него нема добри „research" центри. Едно време тоа го глеав како предавство, као тука сум роден и тука треба да се борам до крај, но шознам, може од странство повеќе ќе и помогнам на Македонија.

> ЃД: Моментално аплицирам за магистерски студии во Германија. Не знам за други факултети, но теориска астрофизика кај нас не само што нема услови и самата програма што е безвезе туку не е кредитирана никаде. После магистерски планирам и докторат и тоа. Како што е тргнато најголем дел од пленум ќе се отселиме од државата. И да има некоја промена нема да се деси одма. Ќе биде потребен некој период. До тогаш стварно е безвезе овде да се останува.

Сосема спротивно на тоа, голем дел од студентите кои беа интервјуирани се решени да продолжат да се борат во границите на земјата. За нив, искуството со пленумот има придонесено кон нивната мотивација да бидат граѓански и професионално ангажирани тука како би помогнале во креирање подобри општествени услови за други генерации преку активно вклучување во јавниот и/или приватниот сектор. Вмрежувањето со други студенти им дало надеж дека има простор за напредок.

> ВП: Планирам да отворам некаква фирма, мал бизнис во Македонија. Јас сум од оние луѓе кои сакаат да останат. Не знам што треба да се случи за да заминам. Не ми се допаѓа некој да го упропастува мојот дом и да ме натера јас да напуштам. Ќе останам и ќе се борам од принцип.

> ЉЈ: Сакав да си одам, се деси пленум, не си одам. Тоа беше шифтот на одлуките. Запознав прекрасни луѓе кои го делат тоа мислење, чувство и сон и затоа ми се смени одлуката.

> ИА: Целата наша генерација го има тоа нели „in the back of your head", дека ќе се иселиш негде, и нормално и јас сум размислувавала бидејќи ни е многу непредвидливо дали тука ќе можеме да најдеме иднина или ќе мораме да емигрираме. Мислам дека пленумот на некој начин, не ми го зацементира, но ми го зацврсти ставот дека можеби би сакала да останам и да водам некои битки кои се битни овде да се водат…еден нус производ на иселувањето е тоа да бидеш помалку политичен. Ти како емигрант си некако осуден на аполитичност бидејќи тие битки не се твои…е сеа, од друга страна можам да замислиам колку би било прекрасно да живеам во друга средина, каде ќе имам повеќе истомисленици, но мислам дека има нешто многу важно во тоа да се делува локално. Својата бавча да си ја средиш… има нешто племенито во тоа.

> SO: Како беше таа песната „Сакам дома да живеам". Се гледам како човек кој ќе се бори за подобри услови. Да, можам да замислам „типинг поинт" како заминувам, но премногу сум млад и гневен за да оставам ова парче земја да гние.

Со мошне спротиставени и конфликтни ставови беа по ова прашање и учесниците на фокус групата, каде имаше студенти со цврст став дека разочарувањето од политчката реалност е огромно и нема причини зошто еден млад човек би продолжил да се бори, до ставот дека баш поради искуството со пленумот, времето и енергијата која се потрошиле за одредена кауза, треба да се остане и да се продолжи по тој пат. Иако застапниците на двете различни мислења не се спогодија по тоа прашање, тоа што е заедничко за повеќето учесници во ова истражување е свесното повлекување од јавната сфера. Исто така, поради искуството со пленумот и политичката ситуација која останува релативно непроменета, останува отворено прашањето како повеќе да се делува граѓански доколку институционалните патишта се затворени, а протестите форми исцрпени?

Ф8: Мислам дека протесите и окупациите се некоја симпболичка форма и веќе не можат да изнудат промена. Што можам јас да направам во ситуација на политичко статус кво? Стварно не ми е јасно. Доколку би ми било јасно, би направила нешто.

Ф3: Деца спиеја на улица 3 недели, а тоа се заборава. Не само што се заборава туку се нормализира...На крајот на краиштата никој од нас не знае што повеќе да направи...Јас сум свесна, јас пратам, но немам волја.

По периодот на студентскиот ангажман, кој очигледно делувал исцрпувачки за многу од нив,  слично како и активноста во антивладините протести кои следеа веднаш по студенсткото будење, денес повеќето од овие ангажирани млади граѓани се фокусирани на својата кариера и развој и пробуваат да делуваат во својот микро-космос. Како и да е, доколку се чувствуваат повикани, за мнозинстовото од нив е несомнено дека ќе бидат во првите редови на граѓанскиот отпор, заедно со своите другари и другарки пленумци.

Развојот на Студенскиот пленум во овој труд беше анализаран од агол на социјално движење, поради неговата природа и настаните кои до некаде го измоделираа да биде повеќе од студентско движење. Како што беше посочено во резултатите, пленумот ги поминува сите фази предвидени за едно такво движење. Преку личните сведоштва на дел од пленумците може да се увиди дека фазата на бирократизација (или формализација) е најкритичен за развојот на едно такво движење поради различни идеи во однос на неговата насока кои постоеле во пленумот, на почетокот како здрава поделба, но потоа како причина за демобилизација. Падот на мобилизацијата се случува по окупацијата на факултетите поради внатрешни конфликти, но поради пошироките политички случувања во земјата. Иако Студентскиот пленум сеуште функционира во некоја пасивна форма, повеќето од старите членови[24] го оставаат движењето како искуство од своето минато, со спомени и искуства за кои зборуваат со силен емотивен набој.

Како што и беше наведено во теоретската рамка, студентското здружување де факто носи позитивни влијанија кон личното искуство и себедоживувањето на студентот, како и неговиот однос кон институциите, општеството и политиката. Развојот на различни вештини, здружувањето во име на повисока кауза, солидарност и толеранција, дијалог и прифаќање се само дел од придобивките кои беа разгледани како позитивни од таквото здружување. Во однос на јавниот простор, може да се забележат некои новини во градот Скопје, како отварање на Младински клуб и Социјален центар – два мошне различни центри кои нудат мноштво од активности, но направени од и за младите, во чии структури се вклучени биши членови на студенсткиот пленум. Вакви нови форми на културно и социјално здружување го подобрува квалитетот на живеењето на младиот човек во Скопје, нудејќи платформи каде тие можат да комуницираат. Овие чекори се мали, но се важни за младите кои остануваат во земјата. Сметам дека токму такви иницијативи кои имаат потенцијал да ангажираат и здружуваат млади околу различни теми и активности, можат да влијаат позитивно кон себедоживувањето на младите во земјата. Од друга страна пак, соочување со политиката, тешките и долги конфликти, ад хоминем напади и вклучувањето во поширокиот политички отпор без притоа да се издејствува суштинска промена, делувала разочарувачки кон мотивацијата и духот кај голем дел од пленумците. Меѓутоа, токму комбинацијата на тие здобиени позитивни и негативни практични лекции, кои не се учат на предавање, ги прават овие млади да бидат искусни граѓански лидери кои зад себе веќе имаат неколку битки кои ги прават помудри, поискусни и повнимателни од другите. Иако голем дел од овие студенти (или бивши студенти) сметаат дека треба да продолжат да се борат за подобра иднина на

24 АИ 26.12.2016, БС 26.12.2016, ДС 27.12.2016, ЗМ 29.12.2016, МЉ 10.01.2017, ЛН 10.01.2017, Ф1 14.02.2017, Ф2 14.02.2017, Ф5 14.02.2017

овие простори, незамерлива е и решителноста на некои од нив да си заминат поради големото разочарување кое го почувствувале по активноста во пленумот. Напуштањето на земјата од таквиот подготвен, поткован и пожртвуван кадар може да биде погубно за иднината на Македонија.

Согласно со консултираната литература и истражувањето спореведено за конкретниот случај може да се заклучи дека студентското здружување е важно за личниот развој на студентите, како и за нивното политичко „созревање". Меѓутоа како тоа да се искористи потенцијалот и искуството со кое овие студенти се здобиле во дадениот случај? Резултатите од анализата говорат за многу негативни последици од нивниот општествен ангажман кои варираат од несигурност во себе и системот, до разочарување, чувство на неуспех и неприпаѓање. Голем дел од младите кои вложиле дел од себе, своето време, енергија, емоции и младост во борба за подобро образование, а преку тоа и подобро општество, а притоа не гледаат резултати од својот труд во конкретната политичка реалност, се демотивирани и изморени и ја гледаат својата иднина надвор од земјата, некои од нив помалку од порано, а некои повеќе. Интересно е тоа што, додека биле активни и ангажирани преку пленумот, колку и да била разочарувачка општествената реалност, меѓу студентите владеело чувството на надеж, солидарност и мотивација за заедничка борба. Во време на политички нестабилни времиња, искуството од здружувањето влијае позитивно на личното доживување на студентот и на истиот во релација со студентската заедницата поради што студентското здружување треба да се поттикнува. Важно е, ако не и круцијално за студентите да бидат општествено ангажирани уште од почетоците на студиите и да градат политичка култура на активно делување. А има ли подобар начин за тоа од студентското организирање? Студентскиот пленум се обиде да влијае на формалната организиација која треба да биде поборник за студентските права, имено Студентскиот Парламент при УКИМ, но според нив таа организиација продолжува да биде недемократска. Важно е студентите да бидат информирани на почетокот на своите студии за начините на кои можат да се самоорганизираат или вклучат во постоечки организиции. Таквото вмрежување има потенцијал да делува позитивно на личниот развој кај студентите, како и да им помогне во градење важни другарски и професионални врски кои може да им бидат од бенефит и по завршувањето на студиите. Дотолку повеќе, студенскиот активизам има голема општествена важност во однос на силните јадра на граѓани кои можат да се изградат на овој начин, за потоа да делуваат промена на општествено ниво. Таков случај, сведочиме со Студентксиот пленум кој беше во првите редови на граѓанскиот отпор на протестите кои во 2015 и 2016 година.

Од еднаквно голема важност е да се отвори прашањето на традицијата на младинско здружување која може да се одржи единствено доколку се пренесува од една генерација на друга. Во дадениот случај, додека некои од испитаниците се горди што инспирирале една нова генерација на „непослушни" млади граѓани, други сметаат дека пленумот како

таков и неговата борба ќе биде заборавена за неколку години и следните генерации ќе треба да почнат од почеток. Искуството на пленумот не треба да се заборави без детална анализа и внимание, бидејќи од истото може да се научи многу и да се добијат насоки кои би им помогнале на следните генерации кои би се здружувале, без разлика дали под истото име или не. Еден начин на кој тоа може да се направи е преку организација на трибини, работилници и неформални информативни состаноци со средношколци и студенти кадешто членови (или бивши членови) на Студентскиот пленум би можеле да го пренесат своето искуство, да ги мотивираат помладите пренесувајќи ги позитивните пленумски приказни, но и да посочат кон ризиците кои ги носат поделбите и фракционерството, опасноста од преговори со власта, како и разни методи и начини за вршење на политички притисок и дејствување промена. Во овој момент можеби од најголема општествена важност е да не се испушти можноста за студентското и младинското организирање да прерасне во традиција, наместо еден историски исклучок. Развојот на младите преку активизам може да им даде смисла и суштина на младите кои сметаат дека општествената промена е невозможна и затоа својата иднина не си ја гледаат тука. Општесвентиот ангажман, од друга страна пак, може да ја всади идејата кај младите дека тие се всушност промената која ја бараат.

Бидејќи на повеќе наврати во интервјуата беше спомената важноста за Студентскиот пленум да се архивира како една една успешна приказна на граѓански отпор од модерната историја на Македонија, како новите генерации би имале на што да се надоградат, се надевам дека овој труд ќе допринесе барем малку во процесот на колективното паметење на младинското будење кое го започна Студентски Пленум, во октомври 2014 година.

Badiou, A., 2012. The Philosophical Concept of Change Within Politics. European Graduate School Video Lectures.

Chambers, T. & Phelps C. E., 1993. Student Activism as a Form of Leadership and Student Development, NASPA Journal, 31:1, 19-29

Chambers, T. & Phelps C. E., 1994. Student activism: Impacting personal, institutional, and community change. New Directions for Student Services, 1994: 45–57.

Christiansen, J., 2011. Four Stages of Social Movements in Theories of Social Movements Sociology Reference Guide. Pasadena, Calif.: Salem Press,

De la Porta, D. & Diani, M., 2006. Social movements: An introduction (2nd Ed). Malden

MA:Blackwell Publishing.

De la Porta, D. & Diani, M., 2014. Focus Groups in Methodological Practices in Social Movement Research, Oxford University Press, Oxford.

Gardner, J.W., 1987. Leadership development. Washington, DC: Independent Sector.

Hancock, R. D & Algozzine, B., 2006. Doing Case Study Research: A Practical Guide for Beginning Researchers. New York: Teachers College Columbia University New York and London.

Hasso, F., S., 2001. "Feminist Generations? The Long-Term Impact of Social Movement Involvement on Palestinian Women's Lives." in Readings on Social Movements: Origins, Dynamics, and Outcomes edited by * Doug McAdam and David A. Snow, pp. 662–663-675, University of Chicago Press.

Mouffe, C., 2013. Agonistics: Thinking The World Politically. 1 edition. London ; New York.

Macionis, J. J., 2001. Sociology (8th ed). Upper Saddle River, New Jersey: Prentice Hall.

Miller, F. D., 1999. The end of SDS and the emergence of weatherman: Demise through success. In J. Freeman & V. Johnson, (Eds.), Waves of protest: Social movements since the Sixties (pp. 303-324). Lanham, Maryland: Rowman & Littlefield Publishers.

Silverman, D. & Marvasti, A., 2008. Doing Qualitative Research: A Comprehensive Guide 2nd ed., Sage Publications.

Sharan, B., M., 2009. Qualitative Research: A Guide to Design and Implementation, John

Wiley & Sons.

Блажева, А., 2016.  Меланхолија и политика: Меланхолијата на маргинализираниот субјект и заедници во Р. Македонија, Универзитет „Евро Балкан“, Институт за општествени и хуманистички истражувања.Скопје.

Вангели А., 2014, Ова може да биде почеток на нешто големо, Дел од вонредното заседание на Прекуграничниот комитет „Студентски протести“. http://zasedan.ie.mk/ Пристапено на 03.11.2016

Јорданоска Т., 2015. Музика у студентским протестима и автономној зони у Македониј, новембар 2014-фебруар 2015 године во Уметност и култура данас: Криза у уметности – уметтност у кризи, Зборник радова са научног скупа, Ниш.

Лешоска, Малеска, Коруновска Србијанко, Коруновска, Здравев, Димчевски, Малески. (2016) Граѓаните  и нивните заедници : граѓанското учество, активизмот и волонтерството во Република Македонија. Скопје : Реактор - истражување во акција

Матовски Б., Милевски Д., 2015. Анархо-анализа на Студентски пленум ( самоиницијативен запис за пленум во изработка)

Спасковска Љубица (2014) Студенти на новото време, Дел од вонредното заседание на Прекуграничниот комитет „Студентски протести“. http://zasedan.ie.mk/ Пристапено на 03.11.2016

Топузовска Латковиќ, Борота Поповска, М.,  Серафимовска, Е., Цекиќ, А., 2013. Студија за младите во Репулбика Скопје : Фондација „Фридрих Еберт“, Канцеларија во Македонија.

„Одливот на мозоци загрижувачки, младите се` помалку мислат на иднина во Македонија“ Deutsche Welle. http://www.dw.com/mk/ Пристапено на 21.09.2016

„Студентски марш против екстерното“ Фокус (17.11.2014) http://fokus.mk/studentski-marsh-protiv-eksternoto/  Пристапено на 26/03/2017

„Масовен марш против државниот испит на универзитетите“ Утрински весник (10.12.2014)http://www.utrinski.mk/?ItemID=C45DFBB37B5CE4408BD4328803D7F211&commentID=629706&pLikeVote=0 Пристапено на 25.03.2017

„УКИМ веднаш да реагира против тепањето студенти!“ (01.07.2016) http://www.dw.com/mk/уким-веднаш-да-реагира-против-тепањето-студенти/a-19370534 Пристапено на 23.02.2017

Студентски пленум не постои, студентски пленум е СДММ, http://vesti.mk/read/news/3843183/1385289/kurir-studentski-plenum-ne-postoi-studentski-plenum-e-sdmm, Пристапено на 26.03.2017

„Филипијада: КРУГ" Глобус (16.12.2014) 4http://www.globusmagazin.mk/?ItemID=9D903 3A488311247BEC23D798D8EBC01 Пристапено на 26.03.2017

„Полициската бруталност на 5 мај 2015 го разгоре оганот на протестите" (05.05.2016)

http://vistinomer.mk/politsiskata-brutalnost-na-5-maj-2015-go-razgore-oganot-na-protestite/ Пристапено на 01.04.2017

## Анекс 1

Информации за индивуални интервјуа

| Шифра | Град | Факултет | Пол | Дата на интервју |
|---|---|---|---|---|
| АИ | Скопје | Правен факултет/ Политички науки | Женски | 26/12/2016 |
| БС | Скопје | Правен Факултет | Женски | 26/12/2016 |
| ВП | Скопје | Бизнис Академја Смилевски | Машки | 27/12/2016 |
| ГА | Скопје | Правен факултет | Женски | 27/12/2016 |
| ДС | Скопје | Правен факултет, политички науки | Женски | 27/12/2016 |
| ЃД | Скопје | Природно математички факултет | Машки | 28/12/2016 |
| ЕЃ | Криво гаштани | Правен факултет | Машки | 28/12/2016 |
| ЖА | Скопје | Филолошки факултет | Машки | 29/12/2016 |
| ЗМ | Велес | Филозофски факултет | Женски | 29/12/2016 |
| ЅО | Битола | Архитектонски факултет | Машки | 30/12/2016 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ИА | Скопје | Филолошки факултет | Женски | 30/12/2016 |
| JК | Скопје | Природно математички факултет | Женски | 04/01/2017 |
| КМ | Битола | Филозофски факултет | Машки | 04/01/2017 |
| НЕ | Скопје | ФИНКИ | Женски | 09/01/2017 |
| ЉЈ | Скопје | Стоматолошки факултет | Женски | 10/01/2017 |
| МЉ | Куманово | Филолошки Факултет | Машки | 10/01/2017 |
| ЛН | Скопје | Архитектонски факултет | Женски | 10/01/2017 |
| ЊБ | Скопје | ФИНКИ | Машки | 25/01/2017 |

# Анекс 2

Информации за фокус група

| Шифра | Град | Факултет | Пол |
|---|---|---|---|
| Ф1 | Кавадарци | Филозофски факултет | Машки |
| Ф2 | Скопје | Правен факултет | Женски |
| Ф3 | Куманово | Правен факултет | Женски |
| Ф4 | Битола | ФИНКИ | Машки |
| Ф5 | Скопје | ФИНКИ | Женски |
| Ф6 | Скопје | Факултет за драмски уметности | Машки |
| Ф7 | Скопје | Стоматолошки факултет | Машки |
| Ф8 | Скопје | Филолошки факултет | Женски |

Институт за европска политика. Скопје

# Сакам дома да живеам

## Појава

Студентскиот пленум се раѓа како иницијатива на 10тина студенти во Октомври 2014 година кои по филмска проекција организирана од „Отворен куфер“ разговараат за најавите за екстерно тестирање и позицијата на студентите во земјата.

„Промените во законот беа повод но не и причина. Као алиби. Има структурни проблеми, а испитот го зимаме како појдовна точка.“

ОКТОМВРИ 2014

тина

Она што ги обединува без разлика на нивното потекло и социјален статус е латентното незадоволство од нивната маргинализирана позиција и потребата од конкретна акција.

## Соединување

Пленумците организираат прв студентски марш на 17 ноември 2014 во Скопје кој брои 3000 луѓе. Веќе на 10 декември 2014 Студентски пленум го организира најмасовниот студентски протест во историјата на земјата кога 10 000 подржувачи маршираат за студентските права во Скопје.

„За многу кратко време очите на јавноста беа свртени кон нас, а ние не го очекувавме и баравме тоа....и страшно беше. Во одреден момент постоеше само пленум. Ништо друго не постоеше.За месец дена мене пленумот ми стана животот.“

17 НОЕМВРИ 2014

илјади

10 ДЕКЕМВРИ 2014

илјади

Пленумот станува симбол на широко, инклузивно здружување креирано врз база на студенткиот идентитет без разлика на личните разлики меѓу студентите.

## Бирократизација

Студентскиот пленум до некаде успева да се формализира за време на и по окупацијата на факултетите во јануари и февруари 2015, но истиот тој обид делува и погубно за движењето.

„Работните групи требаше да се направат интересни. Тоа е навистина мачење за некој што не е од таа струка. Луѓето се обесхрабруваат, нема брзи резултати, престана да биде интересно, се намалија културните случувања, а се зголемија бирократските и престана да биде кул.“

Свесноста за моќта која движењето веќе ја има, води до несогласувања во однос на тоа каде таквата моќ треба да се насочи.

## Пад

Парадигматските несложувања помеѓу различните струи во пленумот и влошувањето на поличката криза во земјата го навестуваат своевидниот крај на Студентски пленум, заклучно со граѓанските протести на 5 и 17 мај 2015, во кои Студентскиот пленум активно учествува.

„Имаше вербални, физички напади...јас се презаситив, во еден момент не можев да издржам. Не можеш веќе да се бориш со луѓе ако немаш иста цел.“

„Јас не гледав причина пленумот повеќе да постои. Бидејќи не беше способен да се трансформира, мислев дека треба да остане како исторски момент, важен за архивирање, за понатаму да не се почнува од нула. Неговиот моментум помина.“